Врз основа на член 7 став (1) од Законот за рестриктивни мерки („Службен весник на Република Македонија" број 190/17), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 август 2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2020/1483 на Советот од 14 октомври 2020 година за спроведување на Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во поглед на состојбата во Либија**

**Член 1**

Со оваа одлука се воведуваат рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2020/1483 на Советот од 14 октомври 2020 година за спроведување на Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во поглед на состојбата во Либија.

**Член 2**

Оваа одлука се однесува на следните видови рестриктивни мерки:
- ембарго на оружје;
- ембарго на стоки и услуги;
- финансиски мерки;
- забрана за влез во Република Северна Македонија

**Член 3**

Се определуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за економија, Министерството за надворешни работи, Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии-Управата за финансиско разузнавање и Царинската управа, за надлежни органи за спроведување на рестриктивните мерки.

**Член 4**

Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2020/1483 на Советот од 14 октомври 2020 година за спроведување на Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во поглед на состојбата во Либија во оригинал на англиски и во превод на македонски јазик е дадена во прилог и е составен дел на оваа одлука.

**Член 5**

Рестриктивните мерки во поглед на состојбата во Либија се воведуваат на неопределено време.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

**Бр. 40-8029/1**
**4 август 2021 година**
**Скопје**

ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**dr Artan Grubi**

# COUNCIL IMPLEMENTING DECISION (CFSP) 2020/1483

## of 14 October 2020

## implementing Decision (CFSP) 2015/1333 concerning restrictive measures in view of the situation in Libya

THE COUNCIL OF THE EUROPEAN UNION,

Having regard to the Treaty on European Union, and in particular Article 31(2) thereof,

Having regard to Council Decision (CFSP) 2015/1333 of 31 July 2015 concerning restrictive measures in view of the situation in Libya, and repealing Decision 2011/137/CFSP [1], and in particular Article 12(2) thereof,

Having regard to the proposal from the High Representative of the Union for Foreign Affairs and Security Policy,

Whereas:

(1) On 31 July 2015, the Council adopted Decision (CFSP) 2015/1333.

(2) On 12 May 2020, the High Representative of the Union for Foreign Affairs and Security Policy issued a declaration, on behalf of the Union, which stated that the Union remains determined to see the UN arms embargo in Libya fully respected. It was also underlined that all efforts must be made to ensure the full and effective implementation of the relevant UN Security Council resolutions, also through the land and air borders with Libya.

(3) On 21 September 2020, the Council adopted Implementing Decision (CFSP) 2020/1310 [2], which designated three entities involved in violating the UN arms embargo.

(4) The Council remains gravely concerned about the situation in Libya and in particular about acts that threaten the peace, security or stability of Libya, including violations of the UN arms embargo.

(5) In that context, one person involved in such acts should be added to the list of persons and entities subject to restrictive measures as set out in Annexes II and IV to Decision (CFSP) 2015/1333.

(6) Annexes II and IV to Decision (CFSP) 2015/1333 should therefore be amended accordingly,

HAS ADOPTED THIS DECISION:

*Article 1*

Annexes II and IV to Decision (CFSP) 2015/1333 are amended in accordance with the Annex to this Decision.

*Article 2*

This Decision shall enter into force on the date of its publication in the *Official Journal of the European Union*.

Done at Brussels, 14 October 2020.

*For the Council*
*The President*
M. ROTH

---

[1] OJ L 206, 1.8.2015, p. 34.
[2] Council Implementing Decision (CFSP) 2020/1310 of 21 September 2020 implementing Decision (CFSP) 2015/1333 concerning restrictive measures in view of the situation in Libya (OJ L 305 I, 21.9.2020, p. 5).

*ANNEX*

(1) In Annex II to Decision (CFSP) 2015/1333, under the heading 'A. Persons', the following entry is added:

| | Name | Identifying information | Reasons | Date of listing |
|---|---|---|---|---|
| '19. | Yevgeniy Viktorovich PRIGOZHIN<br><br>(Евгений Викторович Пригожин) | Date of birth: 1 June 1961<br><br>Place of birth: Leningrad (St. Petersburg) Nationality: Russian<br><br>Gender: male | Yevgeniy Viktorovich Prigozhin is a Russian businessman with close links, including financially, to the private military company Wagner Group.<br><br>In this way, Prigozhin is engaged in and providing support for Wagner Group's activities in Libya, which threaten the country's peace, stability and security.<br><br>In particular, Wagner Group is involved in multiple and repeated breaches of the arms embargo in Libya established in UNSCR 1970 (2011) and transposed in article 1 of Decision (CFSP) 2015/1333, including delivery of arms as well as deployment of mercenaries into Libya in support of the Libya National Army. Wagner Group has participated in multiple military operations against the UN-endorsed Government of National Accord and has contributed to damaging the stability of Libya and undermining a peaceful process.' | 15.10.2020 |

(2) In Annex IV to Decision (CFSP) 2015/1333, under the heading 'A. Persons', the following entries are added:

| | Name | Identifying information | Reasons | Date of listing |
|---|---|---|---|---|
| '24. | Yevgeniy Viktorovich PRIGOZHIN<br><br>(Евгений Викторович Пригожин) | Date of birth: 1 June 1961<br><br>Place of birth: Leningrad (St. Petersburg) Nationality: Russian<br><br>Gender: male | Yevgeniy Viktorovich Prigozhin is a Russian businessman with close links, including financially, to the private military company Wagner Group.<br><br>In this way, Prigozhin is engaged in and providing support for Wagner Group's activities in Libya, which threaten the country's peace, stability and security.<br><br>In particular, Wagner Group is involved in multiple and repeated breaches of the arms embargo in Libya established in UNSCR 1970 (2011) and transposed in article 1 of Decision (CFSP) 2015/1333, including delivery of arms as well as deployment of mercenaries into Libya in support of the Libya National Army. Wagner Group has participated in multiple military operations against the UN-endorsed Government of National Accord and has contributed to damaging the stability of Libya and undermining a peaceful process.' | 15.10.2020 |

**ОДЛУКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ (ЗНБП) 2020/1483 НА СОВЕТОТ**

**од 14 октомври 2020 година**

**за спроведување на Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија**

СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

имајќи го предвид Договорот за Европската Унија, а особено член 31(2) од истиот,

Имајќи ја предвид Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 на Советот од 31 јули 2015 година за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија и за укинување на Одлуката 2011/137/ЗНБП ([1]), а особено член 12(2) од истата,

имајќи го предвид предлогот на Високиот претставник на Унијата за надворешни прашања и безбедносна политика,

со оглед на тоа што:

(1) На 31 јули 2015 година, Советот ја донесе Одлуката (ЗНБП) 2015/1333.

(2) На 12 мај 2020 година, Високиот претставник на Унијата за надворешни прашања и безбедносна политика даде изјава, во име на Унијата, во која се наведува дека Унијата останува решена да го види целосно почитувано ембаргото на ООН во Либија. Исто така, беше истакнато дека мора да се направат сите напори за да се обезбеди целосно и ефикасно спроведување на релевантните резолуции на Советот за безбедност на ООН, меѓу другото преку копнените и воздушните граници со Либија.

(3) На 21 септември 2020 година, Советот ја донесе Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2020/1310 ([2]), со која се назначени три субјекти вклучени во кршењето на ембаргото за оружје на ООН.

(4) Советот и понатаму е сериозно загрижен за состојбата во Либија, а особено за делата што го загрозуваат мирот, безбедноста или стабилноста на Либија, вклучувајќи го и кршењето на ембаргото за оружје на ООН.

(5) Во тој контекст, едно лице вклучено во такви дела треба да се додаде на списокот на лица и субјекти кои подлежат на рестриктивни мерки утврдени во Анексите II и IV кон Одлуката (ЗНБП) 2015/1333.

(6) Затоа, Анексите II и IV кон Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 треба соодветно да се изменат,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА ОДЛУКА:

*Член 1*

---

[1] Сл. весник бр. L 206, 1.8.2015 година, стр. 34.

[2] Одлука за спроведување (ЗНБП) 2020/1310 на Советот од 21 септември 2020 година за спроведување на Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во поглед на состојбата во Либија (Сл. весник бр. L 305 I, 21.9.2020 година, стр. 5).

Анексите II и IV кон Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 се изменуваат во согласност со Анексот кон оваа одлука.

*Член 2*

Оваа одлука влегува во сила на денот на нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската Унија.*

Брисел, 14 октомври 2020 година.

*За Советот*

*Претседател*

М. РОТ

*АНЕКС*

(1) Во Анекс II кон Одлуката (ЗНБП) 2015/1333, под наслов „А. Лица", се додава следниот внес:

| | Име | Информации за идентификација | Причини | Датум на внесување |
|---|---|---|---|---|
| „19. | Евгениј Викторович ПРИГОЖИН (Yevgeniy Viktorovich PRIGOZHIN) (Евгений Викторович Пригожин) | Датум на раѓање: 1 јуни 1961 година. Место на раѓање: Ленинград (Санкт Петербург) Државјанство: Руско Пол: машки | Евгениј Викторович Пригожин е руски бизнисмен со блиски врски, вклучувајќи и финансиски, со приватната воена компанија „Wagner Group". На овој начин, Пригожин се ангажира и обезбедува поддршка за активностите на „Wagner Group" во Либија, кои го загрозуваат мирот, стабилноста и безбедноста на земјата. Особено, „Wagner Group" е вклучена во повеќекратни и повторени кршења на ембаргото за оружје во Либија утврдено во Резолуцијата 1970 (2011) на Советот за безбедност на ООН и транспонирано во член 1 од Одлуката (ЗНБП) 2015/1333, вклучувајќи и испорака на оружје, како и распоредување платеници во Либија како поддршка на Националната армија на Либија. „Wagner Group" учествуваше во повеќе воени операции против владата на националното единство поддржано од ООН и придонесе за нарушување на стабилноста на Либија и поткопување на мирен процес." | 15.10.2020 година |

(2) Во Анекс IV кон Одлуката (ЗНБП) 2015/1333, под наслов „А. Лица", се додава следниот внес:

| | Име | Информации за идентификација | Причини | Датум на внесување |
|---|---|---|---|---|
| „24. | Евгениј Викторович ПРИГОЖИН (Yevgeniy Viktorovich PRIGOZHIN) (Евгений Викторович Пригожин) | Датум на раѓање: 1 јуни 1961 година. Место на раѓање: Ленинград (Санкт Петербург) Државјанство: Руско Пол: машки | Евгениј Викторович Пригожин е руски бизнисмен со блиски врски, вклучувајќи и финансиски, со приватната воена компанија „Wagner Group". На овој начин, Пригожин се ангажира и обезбедува поддршка за активностите на „Wagner Group" во Либија, кои го загрозуваат мирот, стабилноста и безбедноста на земјата. Особено, „Wagner Group" е вклучена во повеќекратни и повторени кршења на ембаргото за оружје во Либија утврдено во Резолуцијата 1970 (2011) на Советот за безбедност на ООН и транспонирано во член 1 од Одлуката (ЗНБП) 2015/1333, вклучувајќи и испорака на оружје, како и распоредување платеници во Либија како поддршка на Националната армија на Либија. „Wagner Group" учествуваше во повеќе воени операции против владата на националното единство поддржано од ООН и придонесе за нарушување на стабилноста на Либија и поткопување на мирен процес." | 15.10.2020 година |